ЗАПИСНИК

Од одржаната 29-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 10.05.2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присуствуваа 8 членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска – Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Иванчо Котевски, Љупчо Петровски и Наумче Смилевски.

На седницата не присуствуваше советникот Александар Канзуровски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник и Катерина Чукалевска – советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 28-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за изработка на урбани планови на територијата на Општина Новаци за 2023 г.;
3. Разгледување и донесување на Одлука за поднесување на барање за гранд на Јавниот повик за барања за обезбедување на финансиска помош во изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација;
4. Разгледување на Барање од Здружение меморијален турнир во мал фудбал “ПЕЦАК – ПМ 2001“ за организирање на традиционален меморијален турнир во мал фудбал во чест и сеќавање на Пеце Матичевски од с.Новаци;
5. Советнички прашања.

Пред гласање на Дневниот ред на 29-та седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците да се дополни Дневниот ред со 3 (три) точки кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Програма за санација , одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година;

2. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП.

3. Разгледување и донесување на Одлука за укинивање на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр.14-855/27 од 23.09.2022 год.

Претседателката на Советот Славица Најдовска - Стојковска предложи дополнување на Дневниот ред, така што првичниот Дневниот ред кој беше составен од 5 точки се дополнува со нови 3 точки.

На тој начин Дневниот ред на 29-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 8 точки, со тоа што точката бр. 5 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 8.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 29-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за.**

1.точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 28-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 28-та Седници беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласа за.**

2.точка: Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за изработка на урбани планови на територијата на Општина Новаци за 2023 г.;

По однос на втората точка, советниците добија информација дека промената во Програмата се однесува во делот на Урбанистички проекти поточно во делот кој се однесува на Инфрастурктури за пренос на електрична енергија.

По кратката дискусија Советот гласаше со **8 гласа за** донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 год.;

3.точка: Разгледување и донесување на Одлука за поднесување на барање за гранд на Јавниот повик за барања за обезбедување на финансиска помош во изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација;

Градоначалникот Стевановски пред Советот на Општина Новаци, ја образложи потребата од донесување на одлука со која Општина Новаци ќе аплицира на Јавен повик за обезбедување на финансиска помош за изработка на техничка документација за два инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација. Воедно Општина Новаци ќе кофинансира со минимални финансиски средства во износ од 6000 американски долари од сопствениот буџет.

Советот на Општина Новаци гласаше и со **8 гласа за** донесе Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП;

4.точка: Разгледување на Барање од Здружение меморијален турнир во мал фудбал “ПЕЦАК – ПМ 2001“ за организирање на традиционален меморијален турнир во мал фудбал во чест и сеќавање на Пеце Матичевски од с.Новаци;

По однос на четвртата точка, советниците добија информација дека за одржување на традиционалниот меморијален турнир во мал фудбал „ПЕЦАК – ПМ 2001“ посветен на Пеце Матически кој загина во воениот конфликт 2001г., ќе се организира и оваа година, така што за неговото одржување се потребни финансиски средства. Затоа Здружението достави

барање до Советот на Општина Новаци, кое советниците го разгледаа и се согласија да им доделат финансиски средства во висина од 150.000,00 денари.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение „ПЕЦАК–ПМ 2001“-Новаци за организирање на меморијален турнир во мал фудбал;

5.точка: Разгледување и донесување на Програма за санација , одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година;

По однос на оваа точка, Советот ја разгледа Програмата со која се утврдуваат обемот на работите и средствата за реконструкција и одржување на полските патишта на подрачјето на Општина Новаци, за чија реализација се потребни 2.408.380,00 денари.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2023 година;

6.точка: Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,, Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП

Градоначалникот Стевановски зеде збор по однос на шестата точка така што пред Советот даде објаснување дека проектите кои ќе се аплицираат Јавен повик за обезбедување на финансиска помош за изработка на техничка документација потребно е да имаат статус на приоритетни инфраструктурни проекти.

По кратката дискусија Советот со **8 гласа за** донесе Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање во проектотот: ,,Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“ во рамките на првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти од Фондот за техничка документација на УНДП.

7.точка: Разгледување и донесување на Одлука за укинивање на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр.14-855/27 од 23.09.2022 год.

По однос на седмата точка, Советот доби информација од страна на Градоначалникот Стевановски за потребата од укинување на претходно донесената одлука(бр.14-855/27 од 23.09.2022год.) со која мрежата на јавното осветлување беше дадена на користење на Џемдаг ИНТ ДООЕЛ Ресен. Причината за укинување на претходно донесената одлука е поевтинувањето на цената на киловат електрична енергија на светската берза во однос на цената која ја нуди универзалниот снабдувач т.е ЕВН.

Советот на Општина Новаци гласаше пооделно и со **6 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за укинивање на Одлука за давање на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци бр.14-855/27 од 23.09.2022 год.

8. точка: Советнички прашања

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања, 29–та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска